| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Воздухот живот значи |
| **Содржина на денот** | Маракас |
| **Возраст** | 4-6 години |
| **Воспитувач** | Марија Галевска |
| **Дневни активности** | |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор како да одржуваме физичко растојание дома и во градинка.<br>Најдобро е да одржуваме растојание и кога играме.<br>Усвојување на нови навики на безбедно поздравување на растојание со другарчињата. |
| **Активности** | Активност со детето можете да ја започнете со разговор на тема „Кој се може да произведува звуци„. Поттикнете го детето да размислува. Пуштете му музика-инструментална и нека слуша внимателно. Можете заедно со него да слушате и познати омилени песни. Разговарјте дека и преку некои инструменти се произведува звук, а вие заедно со него може да ги изработите тие инструменти. Името на тие рачно изработени инструменти е „Маракас“.<br>Како предлог на оваа активност ни се потребни следниве материјали: зрнести плодови, пластични шишиња...<br>Во пластично шише ставете, гравче, ориз, леќа..затворете го шишето. Откако ќе ги наполните шишињата прво му демонстрирате на детето какви звуци произлегуваат од направениот инструмент,а потоа детето самостојно игра и произведува звуци на омилена песна. |